Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Сектор за уредување на просторот**

06. Февруари, 2023 година

**Архивски број : 67- 357/2**

**Предмет:** **Известување за јавен увид на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА) ЗА ИЗГРАДБА НА НОВОПРОЕКТИРАН 2X110KV ДАЛНОВОД СО ПРИКЛУЧОК НА ПОСТОЕЧКИОТ 110 KV ВОД ТС ГЕВГЕЛИЈА - ТС БОГДАНЦИ И НОВОПРОЕКТИРАНА 110KV / 33KV(20KV) ТРАФОСТАНИЦА – "ПЕРУН", ВО КО БОГДАНЦИ – ВОН ГРАД И КО СТОЈАКОВО, ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

**Почитувани,**

**Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20), Министерството за транспорт и врски Ве известува дека го изложува на увид на јавноста Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (Е1.8 Водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 2 X 110 KV далновод со приклучок на постоечкиот 110 KV вод ТС Гевгелија - ТС Богданци и новопроектирана 110KV / 33KV (20KV) трафостаница – "ПЕРУН", во КО Богданци – вон град и КО Стојаково, општина Богданци.**
**Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 07.02.2023 година до 22.02.2023 година.**
**Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, 1000, Скопје како и на е-адресите:**
**ilina.lalkova@mtc.gov.mk и**
**aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk**
**Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.**

**Со почит,**
**Весна Андриевска, диа**
**Раководител на Сектор за уредување на простор**

*Изработил:* Даниела Деспотовска Сековска, диа


*Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија*
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk